РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| Период за кој се известува: 2017 година | Одговорно лице |
| Вкупен буџет: 38.222.000,00 денари | СПАСЕ ГЛИГОРОВ |
| Број на вработени: 62 | ДИРЕКТОР |
| www.aa.mk | s.gligorov@aa.mk |
| | 02 3 094 231 |

Број 01 – 537/1

30.03.2018 година, Скопје

СОДРЖИНА

1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ..... 1
2. ВОВЕД ..... 2
3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА ..... 3
3.1. СТАТУС ..... 3
3.2. РАКОВОДСТВО ..... 3
3.3. НАДЛЕЖНОСТИ ..... 3
3.4. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА ..... 4
3.4.1. Внатрешна организација ..... 4
3.4.2. Кадровска состојба ..... 6
3.4.3. Структура на вработени ..... 7
3.5. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ ..... 10
4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ, СТРАТЕШКИОТ ПЛАН И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ..... 12
4.1. СЕЛЕКЦИЈА НА КАНДИДАТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ ..... 12
4.1.1. Продолжување на постапки кои започнале во 2016 година ..... 12
4.1.2. Објавување на јавни огласи ..... 14
4.1.3 Кориснички профили на кандидати ..... 16
4.1.4. Податоци за број и структура на пријавени кандидати ..... 17
4.1.5. Административна селекција ..... 17
4.1.6. Испит за административен службеник ..... 18
4.1.7. Проверка на веродостојност на докази и интервју ..... 18
4.1.8. Тест на личност ..... 18
4.1.9. Одлуки за избор ..... 19
4.2. ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ ..... 20
4.3. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ЖАЛБИ И ПРИГОВОРИ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ВТОР СТЕПЕН ..... 22
4.4. ЕВИДЕНЦИЈА НА КАНДИДАТИ КОИ ДОСТАВИЛЕ ЛАЖНИ ДОКАЗИ ВО ПРИЈАВАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ..... 31
4.5. ДРУГИ РАБОТИ УТВРДЕНИ СО ЗАКОН ..... 31
4.5.1. Спроведување постапки за селекција и за вработени во јавниот сектор кои немаат статус на административни службеници ..... 31
4.5.2. Постапки за унапредување и утврдување на дисциплинска одговорност ..... 31
4.5.3. Комисија за ревизија на постапката за селекција на административните службеници ..... 31
5. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО ..... 33
5.1. Стратешки план на Агенцијата за администрација (2018-2020) ..... 33
5.2. Систем за управување со квалитет, согласно барањата на Стандардот ISO 9001:2008 ..... 33
5.3. Заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба - Common Assessment Framework ..... 34
5.4. Јакнење на ИКТ капацитетите на Агенцијата ..... 34
5.5. Мерење на задоволството на корисниците на услугите ..... 35
5.6. Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса на Агенцијата ..... 36
6. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 37
7. БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ ..... 40
8. ЗАКЛУЧОЦИ ..... 46
9. ПРЕПОРАКИ ..... 47
10. ПРИЛОЗИ ..... 48

# 1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Овој документ претставува Извештај за работа на Агенцијата за администрација за 2017 година.

Согласно членот 13 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) Агенцијата за својата работа за претходната година доставува годишен извештај до Собранието на Република Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година. Извештајот за работа на Агенцијата за администрација за 2017 година ја отсликува работата на Агенцијата за администрација во сите сегменти на нејзините законски надлежности и ги презентира резултатите во наведениот период.

Извештајот содржи детални информации за статусот на Агенцијата за администрација, раководството, надлежноста, организационата структура, реализираните активности произлезени од законските надлежности, стратешкиот план и програмата за работа, активности за подобрување на квалитетот во работењето, соработка со други институции и меѓународна соработка, буџетот, завршна сметка и финансирање, заклучоци и препораки за зголемување на ефикасноста и ефективноста на работењето и прилози.

Информациите и податоците содржани во овој извештај се одраз на континуираното продолжување на спроведувањето на мерките и активностите што се преземаат во рамки на процесот на реформата на јавната администрација во Република Македонија, особено во областите за кои Агенцијата за администрација е надлежна, а тоа се: објавување на огласи за вработување на административни службеници; организација на постапки за селекција на административни службеници; постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, спроведување на испитот за административен службеник, испитот за административно управување и тестот на личност[1]; водење на евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување, како и други работи утврдени со закон.

Агенцијата за администрација и во наредниот период ќе продолжи со спроведување на мерките и активностите за унапредување на процесот на реформата за јавната администрација во Република Македонија и за остварување на стратешките приоритети на Република Македонија и усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската унија. Поради тоа, Агенцијата ќе се фокусира на целосно и доследно спроведување на законската регулатива за административните службеници, но и на сопствено доизградување и зајакнување на капацитетите за извршување на своите надлежности.

Целта кон која се стреми Агенцијата за администрација при остварувањето на своите функции е да испорача професионални услуги на граѓаните, административните службеници, институциите на јавниот сектор, како и на сите други заинтересирани страни, имајќи го во предвид домашниот општествен контекст, но и во согласност со стандардите и начелата на Европскиот административен простор.

---

[1] (Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/18), одредбите кои се однесуваат на тестот на личност се бришат, односно од 26.01.2018 година тестот на личност повеќе нема да се спроведува.)

## 2. ВОВЕД

Агенцијата за администрација како државна институција во Република Македонија од почетокот на своето постоење, па се до денес преку професионалното, квалитетно и транспарентно исполнување на своите законски надлежности има огромен придонес во остварувањето на реформата на јавната администрација, особено во зајакнувањето на капацитетите на администрацијата.

Агенцијата како државен орган е основана во 2000 година со донесувањето на Законот за државните службеници. Овој закон беше дел од пакетот реформски закони кои ги донесе Собранието на Република Македонија, како предуслов за остварување на целите дефинирани во Стратегијата за реформа на јавната администрација донесена во 1999 година.

На 29 август 2000 година со назначување на првиот директор, започна со работа Агенцијата за државни службеници, како орган на државната управа. Во 2001 година статусот се трансформираше во самостоен државен орган, каков што е и денес. Под тој назив, Агенцијата за државни службеници постоеше сè до крајот на 2010 година, а од јануари 2011 година продолжи да работи како Агенција за администрација, со надлежности утврдени во Законот за државните службеници и Законот за јавните службеници.

На 05.02.2014 година се донесе нов Закон за административни служеници и со започнувањето на неговата примена (13.02.2015 година) престанаа да важат Законот за државните службеници и Законот за јавните службеници. Со Законот за административни службеници се утврди правниот статус на Агенцијата за администрација и нејзините надлежности.

Согласно воспоставената организациска струкура, расположливите просторни и технички услови, финансиските и човечките ресурси, како и професионалните квалификации и работни компетенции на вработените Агенцијата за администрација во целост ги остварува своите законски надлежности.

### Мисија

Мисијата на Агенцијата за администрација е да овозможи развој и одржливост на професионална и сервисно ориентирана администрација, преку примена на нов пристап за управувањето со човечките ресурси, заснован врз компетенции.

Оваа своја мисија Агенцијата ја остварува преку доследно спроведување на законската и подзаконската регулатива за административните службеници, согласно утврдените реформски текови во оваа област во Република Македонија.

### Визија

Агенцијата за администрација како самостоен државен орган, со квалитет на услугите, ефективноста и ефикасноста во работењето, со своите кадровски, технички и ИТ капацитети е препознаена како институција од стратешко значење во процесот на создавање стручна и компетентна администрација во Република Македонија, на својот пат кон евро-атланска интеграција.

# 3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

## 3.1. СТАТУС

Агенцијата за администрација (во понатамошниот текст: Агенцијата) е самостоен државен орган со својство на правно лице, со права, обврски и одговорности утврдени со Законот за административни службеници.

## 3.2. РАКОВОДСТВО

Со Агенцијата раководи директор, кој го именува и разрешува Собранието на Република Македонија, на предлог на Владата на Република Македонија за време од шест години. Директорот на Агенцијата има заменик, кој го именува и разрешува Собранието на Република Македонија, на предлог на Владата на Република Македонија за време од шест години. За својата работа и за работата на Агенцијата, директорот и неговиот заменик одговараат пред Собранието на Република Македонија. Агенцијата има и генерален секретар, кој од редот на раководните административни службеници од категоријата Б го назначува директорот со мандат како и директорот.

Поради тоа што мандатот на директорот истече на 06.02.2017 година, а со тоа и мандатот на генералниот секретар, во периодот до 06.07.2017 со Агенцијата раководеше заменикот директор.

Раководството на Агенцијата за администрација е комплетирано на 06.07.2017 со именување на директор на Агенцијата за администрација, односно на 01.08.2017 година со назначување на генерален секретар.

## 3.3. НАДЛЕЖНОСТИ

Согласно членот 14 од Законот за административни службеници, Агенцијата е надлежна да ги врши следниве работи:

- објавување на огласи за вработување на административни службеници,
- организација на постапки за селекција на административни службеници,
- постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен,
- спроведување на испитот за административен службеник, испитот за административно управување, како и тест на личност[2],
- водење на евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување и
- други работи утврдени со закон.

Покрај ова, согласно Законот за административни службеници, Агенцијата може да организира, координира и спроведува постапки на селекција и за вработени во јавниот сектор кои немаат статус на административни службеници, за што на институциите може да им наплати надоместок.

[2] (Согласно одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/18), одредбите кои се однесуваат на тестот на личност се бришат, односно од 26.01.2018 година тестот на личност повеќе нема да се спроведува.)

Директорот на Агенцијата има законска надлежност да формира Комисија за ревизија на постапката за селекција на административните службеници.

Агенцијата може да учествува во постапките за унапредување кога во институција во која во организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси има само еден вработен, вториот член на Комисијата за селекција за унапредување е вработен во Агенцијата и истиот не може да биде од редот на членовите на Комисијата која одлучува по жалби и приговори на административните службеници во втор степен[3].

Понатаму, доколку во институцијата од јавен сектор во која се води дисциплинска постапка за административен службеник нема седум вработени, останатите членови на дисциплинската комисија се определуваат од вработени во Агенцијата и истите не се од редот на членовите на Комисијата која одлучува по жалби и приговори на административни службеници во втор степен.

Исто така, согласно Законот за инспекциски надзор еден член на Комисијата за спроведување на дисциплинска постапка за инспектор е од редот на вработените во Агенцијата.

## 3.4. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

### 3.4.1. Внатрешна организација

Поаѓајќи од утврдените надлежности во Законот за административни службеници, како и Уредбата за начелата на внатрешната организација на органите на државната управа, а заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, организирање, следење и координирање на работите, како и заради извршување на нормативно-правни работи во врска со управувањето, развој и координација со човечките ресурси, стручно-аналитички, управни, информативно-комуникациски, оперативни, материјални, финансиски, информатичко-технолошки, стручно-административни и други работи, Агенцијата е организирана во три сектори со осум одделенија во нивен состав и три самостојни одделенија, и тоа:

(1) **Сектор за правни работи**, со следните одделенија:

- Одделение за нормативно-правни работи и соработка со институциите во јавниот сектор;
- Одделение за одлучување по жалби и приговори на државните службеници и
- Одделение за одлучување по жалби и приговори на јавните службеници.

(2) **Сектор за селекција на кандидати за вработување**, со следните одделенија:

- Одделение за јавен оглас и административна селекција и
- Одделение за спроведување на испити, интервју и тест на личност.

---

3 (Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/18), оваа одредба е изменета, така што почнувајќи од 26.01.2018 година во Комисијата за селекција за унапредување во институцијата задолжително членува административен службеник од Секторот за селекција на кандидати за вработување во Агенцијата, како и негов заменик, како и тоа дека институцијата има обврска да го објави интерниот оглас за унапредување и на веб страната на Агенцијата).

(3) **Сектор за стручно-административни работи и јавни набавки**, со следните одделенија:

- Одделение за стручни работи и архивско и канцелариско работење;
- Одделение за информатичка технологија и поддршка и
- Одделение за јавни набавки.

Самостојни одделенија се:

(1) **Одделение за управување со човечки ресурси;**
(2) **Одделение за внатрешна ревизија и**
(3) **Одделение за финансиски прашања.**

## <u>Прилог 1. Органограм на Агенцијата за администрација</u>



### 3.4.2. Кадровска состојба

Во Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за администрација предвидени се 73 работни места. Од нив, 72 работни места се со статус на административни службеници, а едно работно место е помошно-техничко лице. На работните места за административни службеници планирани се 91 извршител, а на работното место за помошно-техничко лице еден извршител, или вкупно 92 извршители. Бројот на вработени во Агенцијата на почетокот и на крајот на 2017 е идентичен иако во текот на годината имаше одредени кадровски движења, односно на 2 извршители им престана работниот однос ( 1 престанок на работниот однос по сила на закон и 1 спогодба за пополнување на работно место преку трајно преземање-мобилност), а 2 извршители засноваа работен однос (2 спогодби за пополнување на работни места на административни службеници преку трајно преземање-мобилност).

Заклучно со 31.12.2017 година процентот на пополнетост на работните места изнесува 67,4% од планираниот број на вработени.

Пополнетоста на работните места во Агенцијата, изразена во број на извршители и проценти е следна:

- Генерален секретар -1 (100%);
- Државни советници – 0 (0%);
- Сектор за правни работи – 15 (65,2%);
- Сектор за селекција на кандидати за вработување 18 (64,3%);
- Сектор за стручно-административни работи и јавни набавки 20 (76,9%);
- Одделение за управување со човечки ресурси 3 (75%);
- Одделение за финансиски прашања 4 (80%) и
- Одделение за внатрешна ревизија 1 (50%).

Табела 1. Преглед на кадровски движења во Агенцијата за администрација 2017

| Звања/ Организациони единици | систематизирани работни места | систематизиран број на извршители | пополнети работни места 01.01.2017 | престанок на работен однос/ мобилност | нови вработувања/ мобилност | пополнети работни места 31.12.2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Генерален секретар | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Државни советници | 3 | 3 | 2 | 2 | 0 | 0 |
| Сектор за правни работи | 17 | 23 | 15 | 0 | 0 | 15 |
| Сектор за селекција на кандидати за вработување | 18 | 28 | 18 | 1 | 1 | 18 |
| Сектор за стручно-административни работи и јавни набавки | 23 | 26 | 18 | 2 | 4 | 20 |
| Одделение за управување со човечки ресурси | 4 | 4 | 3 | 0 | 0 | 3 |
| Одделение за финансиски прашања | 5 | 5 | 4 | 0 | 0 | 4 |
| Одделение за внатрешна ревизија | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| ВКУПНО | 73 | 92 | 62 | 6 | 6 | 62 |

### 3.4.3. Структура на вработени

Структурата на вработените во Агенцијата е следна:

Според **категории на работни места** на административни службеници:
- генерален секретар -1 (1,6%);
- раководни административни службеници - 11 (17,8%);
- стручно-административни службеници - 38 (61,2%);
- помошно-стручни административни службеници - 11 (17,8%) и
- помошно технички лица - 1 (1,6%).




Според **степен на образование:**
- со завршено високо образование - 50 (80,7%) од вработените;
- со завршено средно образование - 12 (19,3%) од вработените;

Од административните службеници со завршено високо образование, 8 имаат звање магистар, а 1 титула доктор по науки.



Според **пол:**
- машки - 20 (32,3%) и
- женски - 42 (67,7%)




Според **возраст:**
- од 18 до 29 години – 9 (14,5%) од вработените;
- од 30 до 39 години - 34 (54,8%) од вработените;
- од 40 до 49 години - 12 (19,4%) од вработените;
- од 50 до 59 години - 4 (6,5%) од вработените;
- над 60 години - 3 (4,8%) од вработените.




Просечната возраст на вработените во Агенцијата е 37 години и 6 месеци.

Според етничка припадност:

Од вкупно 62 вработени во Агенцијата, 42 (67,7%) се Македонци, а останатите 20 вработени (32,3%) се припадници на заедниците кои што не се мнозинство во Република Македонија, и тоа;

- Албанци 9 (14,5%);
- Турци 1 (1,6%),
- Роми 3 (4,9%);
- Власи 2 (3,2%);
- Срби 3 (4,9%);
- Бошњаци 2 (3,2%) и
- Други 0.




Табела 2. Преглед на структура на вработени во Агенција за администрација 2017

| Категории на работни места | пол | | степен на образование | | Возраст во години | | | | | Етничка припадност* | | | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | високо | средно | 18-29 | 30-39 | 40-49 | 50-59 | 60+ | М | А | Т | Р | В | С | Б | Др. | |
| Секретар | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Раководни | 4 | 7 | 11 | 0 | 0 | 5 | 4 | 1 | 1 | 9 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 11 |
| Стручни | 13 | 25 | 38 | 0 | 7 | 23 | 7 | 0 | 1 | 25 | 8 | 0 | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 38 |
| Помошно-стручни | 1 | 10 | 0 | 11 | 2 | 6 | 1 | 2 | 0 | 6 | 1 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 11 |
| Помошно технички | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| ВКУПНО | 20 | 42 | 50 | 12 | 9 | 34 | 12 | 4 | 3 | 42 | 9 | 1 | 3 | 2 | 3 | 2 | 0 | 62 |

*ЛЕГЕНДА: (М)– Македонци; (А)– Албанци; (Т)– Турци; (Р)– Роми; (В)– Власи; (С)– Срби; (Б)– Бошњаци; (Д)- Други

## 3.5. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

Согласно Годишната програма за генерички обуки за административни службеници за 2017 година на Министерството за информатичко општество и администрација и Годишниот план за обуки на административните службеници за 2017 година на Агенцијата за администрација, реализиран е дел од планираните обуки.

Имено, преку системот за Микроучење реализирани се 34 од планираните 36 обуки (94,4%) и тоа на следните теми: Антикорупциски мерки и етика во администрацијата, Нема погрешна врата, Закон за административни службеници, Закон за општата управна постапка, Вовед во јавна администрација (македонски јазик), Закон за вработените во јавниот сектор и Вовед во јавна администрација (албански јазик).

На обуките кои што Министерството за информатичко општество и администрација ги организира на традиционален начин (во училница), од вкупно предвидени 196, вработените во Агенцијата за администрација не присуствуваа на ниту една, поради тоа што истите не беа организирани.

Во текот на 2017 година, раководните лица и вработените од Агенцијата, по покана и во организација на повеќе институции и други правни субјекти регистрирани за организирање на обуки, учествуваа и на вкупно 38 конференции, обуки, семинари, работилници и студиски посети, и тоа на следните теми:

1. Градови со интегритет-Белград,Република Србија-Светска банка (јануари 2017 година);
2. Нацрт-стартегијата и Прирачникот за офицерите за заштита на личните податоци-Скопје (јануари 2017 година);
3. Европски ден за заштита на личните податоци 28 јануари-Скопје (јануари 2017 година);
4. Медијација како ефикасен начин на решавање на споровите-Скопје (февруари 2017 година);
5. Правни институти од работните односи-Скопје (февруари 2017 година);
6. Стандарди за управување со човечки ресурси, транспарентност на парламентите и календар на активности-Скопје (февруари 2017 година);
7. Развивање на Упатства /Насоки за планирање на работна сила врз основа на реалните потреби на институцијата-Скопје (март 2017 година);
8. Јакнење на компетенциите за високиот раководен кадар во државната администрација Бечичи, Црна Гора-РеСПА (март 2017 година);
9. Антикорупциска проценка на законите-Скопје (март 2017 година);
10. Ефикасност на државната и јавната администрација-Скопје (март 2017 година);
11. Искуства и препораки за правилна примена на Законот во постапките за јавни набавки од аспект на надлежните органи-Скопје (април 2017 година);
12. Советување за Јавни набавки-Драч,Албанија (април 2017 година);
13. Управување со ризик во организациите врз основа на анализи/размислувања за можни ризици-Скопје (мај 2017 година);
14. Работен состанок на РеСПА Мрежата за управување со човечки ресурси-Тирана, Албанија-РеСПА (мај 2017 година);
15. Креирање на иднината на заштитата и управувањето со информации-Скопје (мај 2017 година);

16. Годишен одмор, траење, стекнување со право, право на пропорционален дел, користење и плаќање на неискористениот дел од годишен одмор, член 78 од Законот за работни односи и постапка при отказ од деловни причини, договор за вработување, анекс на договор за вработување, причини за откажување на договор за вработување и постапка пред работодавач како услов за судска заштита-Скопје (јуни 2017 година);

17. Помош за реформа на јавната администрација и зајакнување на капацитетите на МИОА-Скопје (септември 2017 година);

18. Актуелни прашања од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за јавните набавки во праксата и потсетување и укажување на пропусти и грешки во водењето и усогласувањето на сметководствената евиденција, како и за други правно-економски прашања-Скопје (септември 2017 година);

19. Интерни аудитори ISO 9001:2015 и ISO 19011:2011-Скопје (октомври 2017 година);

20. Нов предлог закон за заштита на лични податоци-Скопје (октомври 2017 година);

21. Иновација во давање на јавните услуги, оптимизација на услугите-Будва, Црна Гора-РеСПА (октомври 2017 година);

22. Измени и дополнувања на Законот за минимална плата, подзаконски акт и насоки за имплементација на законот, како и плата, компонента на плата, додатоци на плата, надоместоци на плата и надоместување на трошоци при работа согласно ЗРО-Скопје (октомври 2017 година);

23. Основи на канцелариско и архивско работење-Скопје (октомври 2017 година);

24. 77 та-Средба на правници-Струга (ноември 2017 година);

25. Промоција на помошта на Европската унија кон подигнување на нивото на заштита на личните податоци во Република Македонија-Скопје (ноември 2017 година);

26. Воведување на КАФ моделот како инструмент за управување со квалитет во јавниот сектор-Скопје (ноември 2017 година);

27. The power of the red lion-Скопје (ноември 2017 година);

28. Запознавање со главните достигнувања од спроведување на Стратегијата за Југоисточна Европа 2020, механизми за мониторинг и механизми за работа при спроведување на стратегијата-Сараево-БиХ-РеСПА (ноември 2017 година);

29. Управување со квалитетот на јавниот сектор-Скопје (декември 2017 година);

30. Пет години по усвојување на Стратегијата на Владата за Родово одговорно буџетирање, предизвици и идни планови-Скопје (декември 2017 година);

31. Стручна дебата од обласа на управното право и заштита на граѓаните-Скопје (декември 2017 година);

# 4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ, СТРАТЕШКИОТ ПЛАН И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА

Законските надлежности на Агенцијата за администрација таксативно се наброени во Законот за административни службеници, односно Агенцијата е надлежна да ги врши следниве работи:

- организација на постапки за селекција на административни службеници (административна селекција, спроведување на испитот за административен службеник, проверка на веродостојност на докази и интервју, спроведување на тест на личност[4]),
- спроведување на испитот за административно управување
- постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен,
- водење на евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување и
- други работи утврдени со закон.

## 4.1. СЕЛЕКЦИЈА НА КАНДИДАТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Постапката за селекција на кандидати за вработување на административни службеници е регулирана со Законот за административни службеници и неколку подзаконски акти.

Во рамките на Агенцијата, организациона единица надлежна за спроведување на постапката за селекција на кандидати за вработување на административни службеници е Секторот за селекција на кандидати за вработување. По исклучок, Секторот за селекција на кандидати за вработување спроведува постапки за селекција и за вработени во јавниот сектор кои немаат статус на административни службеници.

Постапката за селекција на кандидати за вработување започнува со објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници и се состои од четири фази: Ф1- административна селекција, Ф2- испит за административен службеник, Ф3- проверка на веродостојност на докази и интервју и Ф4- тест на личност[4].

И покрај недореченостите во Законот за административни службеници во делот на административната селекција, Секторот за селекција на кандидати за вработување во 2017 година ефикасно, квалитетно и навремено ги спроведуваше постапките за селекција на кандидати за вработување.

### 4.1.1. Продолжување на постапки кои започнале во 2016 година

Врз основа на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија број 08-4468/1 од 18.10.2016 година („Службен весник на Република Македонија" број 193/16) **31 постапка** за селекција на кандидати за вработување на административни службеници по објавени јавни огласи во 2016 година беа ставени во мирување, од кои 5 постапки започнати по барање на институциите на централната власт и 26 постапки започнати на барање на институциите на локалната власт.

---

[4] (Согласно одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/18), одредбите кои се однесуваат на тестот на личност се бришат, односно од 26.01.2018 година тестот на личност повеќе нема да се спроведува.)

Истите продолжија по донесување на Одлуката за избор на Владата на Република Македонија, број 08-1416/1 од 31.05.2017 година („Службен весник на Република Македонија“ број 65/17) во различни фази од постапката. Од вкупно продолжените 31 постапка: 21 постапка завршиле со објавување на Одлука за избор, од кои 1 постапка започнати по барање на институциите на централната власт и 20 постапки започнати на барање на институциите на локалната власт; 1 постапка која е започната по барање на институциите на централната власт е запрена по барање на институцијата, а 9 постапки од кои 3 постапки започнати по барање на институциите на централната власт и 6 постапки започнати по барање на институциите на локалната власт, не завршиле, односно биле прекинати во различни фази од постапката за селекција на кандидати за вработување на административни службеници заради неквалификација на уредните кандидати.

Од аспект на категориите на работните места, продолжени се постапки за 10 раководни работни места (1 во институциите на централната власт и 9 во институциите на локалната власт), 97 стручни работни места (5 во институциите на централната власт и 92 во институциите на локалната власт) и 18 помошно- стручни работни места (1 во институциите на централната власт и 17 во институциите на локалната власт), односно за работни места со вкупно 125 извршители (7 за институциите на централната власт и 118 за институциите на локалната власт) на кои биле пријавние вкупно 539 кандидати (43 за постапките започнати по барање на институциите на централната власт и 496 за постапките започнати по барање на институциите на локалната власт.

Започнатите постапки во 2016, а кои продолжиле во 2017 успешно завршиле за 82 кандидати за кои е објавена Одлука за избор (2 кандидати во постапките кои започнале по барање на институциите на централната власт и 80 кандидати во постапките кои започнале по барање на институциите на локалната власт).

Табела 3а. Преглед на започнати постапки кои продолжиле во 2017

| | број | Институции на централната власт | | | | | Институции на локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Постапки започнати во 2016, а продолжиле во 2017 | 31 | број на постапки | категории на работни места | | | | број на постапки | категории на работни места | | | |
| | | 5 | Раководни | Стручни | Помошно-стручни | Вкупно извршители/ пријавени кандидати | 26 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно извршители/ пријавени кандидати |
| | | | 1 | 5 | 1 | 7 | | 9 | 92 | 17 | 118 |
| Број на пријавени кандидати | | | 6 | 28 | 9 | 43 | | 21 | 384 | 91 | 496 |
| Прекинати по барање на институцијата | 1 | 1 | | | | | 0 | | | | |
| Завршиле со објавување на одлука за избор | 21 | 1 | 0 | 2 | 0 | 2 | 20 | 7 | 65 | 8 | 80 |

### 4.1.2. Објавување на јавни огласи

Во 2017 година, согласно Законот за административни службеници, објавени се вкупно **45 јавни огласи** за вработување на административни службеници по поднесени барања за објавување на јавни огласи од страна на институциите во јавниот сектор.

Објавените **45 јавни огласи** за вработување се за **168 извршители** на **163 работни места,** од кои :

- 5 јавни огласи на барање на органите на централната власт (11,1 %), и
- 40 јавни огласи на барање на органите на локалната власт (88,9 %).




Од нив, за **државни службеници**, објавени се:

- 5 јавни огласи за органите на централната власт, (11,1 %) и
- 32 јавни огласи за органите на локалната власт, ( 71,1%),

додека за **јавни службеници** објавени се:

- 8 јавни огласи за органите на локалната власт, (17,8 %) .



Според **бројот на извршители по етничка припадност**, а врз основа на одобрените Годишни планови за 2017 година, објавените јавни огласи беа за:

- 103 Македонци, (61,3 %);
- 47 Албанци, (28 %);
- 6 Турци, (3,6 %);
- 10 Роми, (5,9 %);
- 1 Власи, (0,6 %);
- 1 останати, (0,6 %).




Според **категориите** на работни места, објавени се вкупно:

- 7 работни места за раководни административни службеници, (4,3 %);
- 135 работни места за стручни административни службеници, (82,8 %);
- 21 работно место за помошно-стручни административни службеници, (12,9 %).



Според **нивоа** на работни места, објавени се вкупно:

- 1 работно место за ниво Б1, (0,6 %);
- 1 работно место за ниво Б2, (0,6 %);
- 2 работни места за ниво Б3, (1,2 %);
- 3 работни места за ниво Б4, (1,9 %);
- 25 работни места за ниво В1, (15,4 %);
- 11 работни места за ниво В2, (6,8 %);
- 37 работни места за ниво В3, (22,7 %);
- 62 работни места за ниво В4, (38 %);
- 11 работни места за ниво Г1, (6,8 %);
- 5 работни места за ниво Г3, (3 %);
- 5 работни места за ниво Г4, (3 %).




### 4.1.3 Кориснички профили на кандидати

Согласно Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административни службеници, кандидатите треба да креираат кориснички профил преку кој добиваат идентификациски код. Во профилот се внесуваат податоци за исполнување на општите и посебните услови за пополнување на работни места и се прикачуваат посебните документи како доказ за исполнување на условите. Преку профилот, на кандидатот му е овозможено да го следи огласот на кој се пријавил и резултатите кои ги постигнал, како и да добива информации за денот и часот на спроведување на секоја од фазите на постапката за селекција.

За таа цел, во 2017 година креирани се вкупно 1370 кориснички профили од кои 1052 се активирани, а 318 се неактивирани.

### 4.1.4. Податоци за број и структура на пријавени кандидати

На јавните огласи за вработување на административни службеници, во 2017 година, примени се 519 пријави од **232 кандидати**. Од поднесените пријави, 411 се обработени и процесуирани, а 108 не се обработени, од причина што постапките за огласите за кои биле поднесени пријавите се запрени пред спроведување на првата фаза од постапката за селекција.

Според **етничка припадност**, обработените 411 пријави за вработување се од:

- 224 Македонци, (54,5 %);
- 155 Албанци, (37,7 %);
- 14 Турци, (3,4 %);
- 13 Роми, (3,2 %);
- 2 Власи, (0,5 %);
- 2 Бошњаци (0,5%)
- 1 други, (0,2 %).




### 4.1.5. Административна селекција

Во текот на 2017 година, за вкупно 45 постапки за селекција на кандидати за вработување на административни службеници, спроведени се **29** административни селекции од кои 2 за институции на централна власт и 27 за институиции на локалната власт, за вкупно 129 кандидати. На административната селекција има 126 уредни кандидати за институциите на локалната власт (114 уредни кандидати за стручно административни службеници и 12 уредни кандидати за помошно-стручни административни службеници), а 3 уредни кандидати за институциите на централната власт (2 уредни кандидати се за стручно-административни и 1 уреден за раководен административен службеник).

За 8 објавени јавни огласи донесени се решенија за запирање пред одржување на фазата на административна селекција, и за 8 јавни огласи административната селекција ќе продолжи во 2018 година.

### 4.1.6. Испит за административен службеник

Испитот за административен службеник се полага во Агенцијата во специјално опремена просторија со информатичка опрема, интернет врска, опрема за снимање на полагањето и дисплеј за објавување на резултати, во која за време на спроведувањето на испитите беше блокиран радио фреквенцискиот опсег[5].

Полагањето на испитите се снима и емитува во живо на веб страницата на Агенцијата.

Во 2017 година беа спроведени 21 испит за административен службеник (сите се за институциите на локалната власт) на кои полагале вкупно 79 кандидати, (75 кандидати за стручно административни службеници и 4 за помошно административни службеници), 7 испити ќе се спроведат во 2018, за 9 постапки донесени се решенија за запирање и 8 постапки не продолжиле во следна фаза заради неквалификација на кандидати во оваа фаза.

### 4.1.7. Проверка на веродостојност на докази и интервју

Проверките на веродостојност на доказите ги вршат комисиите за селекција за вработување најмалку три часа пред почетокот на интервјуто, за што кандидатите се должни да ги донесат на увид во оригинал или заверен препис, сите докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место на кое се пријавиле.

Кандидатите кои успешно ќе ја поминат проверката на веродостојност на докази продолжуваат на интервју. Интервјуата се спроведуваат усно и/или писмено.

Проверка на веродостојност на доказите и интервју се спроведени за 19 огласи (сите се за институциите на локалната власт) за вкупно 68 кандидати (59 кандидати за стручно-административни службеници и 9 за кандидати за помошно-стручни административни службеници), за 9 огласи проверката на веродостојност на доказите и интервју ќе се одржат во 2018 година, за 9 огласи постапката е запрена и за 3 огласи нема кандидати кои се квалификувале во оваа фаза.

### 4.1.8. Тест на личност [6]

Тестот на личност е спроведен за 18 јавни огласи (сите за институциите на локалната власт), за 67 кандидати кандидати (63 кандидати за стручно-административни службеници и 4 за кандидати за помошно-стручни административни службеници). За 9 јавни огласи постапките се прекинати за 8 јавни огласи нема кандидати кои се квалификувале во оваа фаза и 10 јавни огласи тестот на личност ќе се спроведе во 2018 година.

Времетрањето на тестот на личност беше 80 минути и истиот се состоеше од 240 прашања.

---

[5] Со Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 11/18), избришани се одредбите врз основа на кои Агенцијата имаше обврска да го блокира радио фреквенцискиот опсег.

[6] Со Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 11/18), одредбите кои се однесуваат на тестот на личност се бришат, односно од 26.01.2018 година тестот на личност повеќе нема да се спроведува.

### 4.1.9. Одлуки за избор

Во 2017 година донесени и објавени се вкупно 15 одлуки за избор на кандидати за вработување од кои сите се за институциите на локалната власт.

Со овие 15 одлуки, извршен е избор на вкупно 65 кандидати за вработување од кои 57 кандидати се избрани во категоријата В – стручни административни службеници и 8 кандидати се избрани во категоријата Г – помошно стручни административни службеници. За 9 јавни огласи донесни се решенија за запирање за 8 јавни огласи нема кандидати кои се квалификувале до крајот на огласот, 1 (една) одлука за избор е поништена од страна на второстепената комисија и за 12 објавени јавни огласи одлуките за избор ќе се донесат во 2018 година.

Согласно **етничката припадност**, извршен е избор на:

- 43 кандидати македонци, (66,2 %),
- 20 кандидати албанци, (30,7 %) и
- 2 кандидати турци, (3,1 %).




Табела 3б. Преглед на постапки за селекција и вработување на административен службеник за 2017 година

| | број | институции на централната власт | | | | | институции на локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | број на постапки | категории на работни места | | | | број на постапки | категории на работни места | | | |
| Постапки објавени во 2017 | 45 | 5 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно извршители/ пријавени кандидати | 40 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно извршители/ пријавени кандидати |
| | | | 1 | 1 | 0 | 2 | | 1 | 85 | 13 | 99 |
| Број на пријавени кандидати | | | 6 | 16 | 0 | 22 | | 4 | 313 | 42 | 359 |
| Запрении по барање на институцијата | 9 | 0 | | | | | 9 | | | | |
| Прекинати - нема кандидати за во следна фаза | 8 | 3 | | | | | 5 | | | | |
| Поништени од второстепена комисија | 1 | 0 | | | | | 1 | | | | |
| завршиле со објавување на одлука за избор | 15 | 0 | | | | | 15 | | | | |
| продолжиле во 2018 | 12 | 2 | | | | | 10 | | | | |

Во текот на 2017 година, поточно за време на локалните избори, а врз основа на Решението на Претседателот на Собранието на Република Македонија за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје број 09-2482/1 од 06.08.2017 година („Службен весник на Република Македонија" број 103/17), постаките за селекција на кандидати за вработување на административни службеници беа ставени во мирување се до донесување на Заклучокот на Државната изборна комисија за завршени Локални избори 2017 година, број 11-2785/1 од 14.11.2017 година и доставено известување за формирање на советите на општините, кога погореспоменатите постапки продолжија.

## 4.2. ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Испитот за административно управување е стручен испит и истиот, согласно со закон, е посебен услов за унапредување на административен службеник на работно место од категоријата Б.

Испитот за административно управување го организира и спроведува Агенцијата во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација најмалку еднаш неделно и истиот се состои од два дела, и тоа: теоретски дел, со кој преку одговарање на прашања во вид на компјутерски тест се проверува знаењето на кандидатот за општите прописи од административната област и практичен дел со кој преку студии на случај во електронска форма, се проверува способноста на кандидатот за управување со јавни финансии, управување со проекти и познавање на Кодексот за административни службеници.

Испитот за административно управување прв пат и единствено во 2017 година се спроведе во декемвриска сесија преку два термини неделно или вкупно осум термини за полагање на истиот.

За полагање на испитот за административно управување во декемвриска сесија се пријавиле вкупно **123** кандидати.

Според **пол**, од вкупно пријавените **123** кандидати:

- 60 се од машки пол, (48,8 %) и
- 63 се од женски пол, (52,2 %).

Од вкупниот број на кандидати кои се пријавиле, на испитот се јавиле, односно полагале **93** кандидати од кои:

- 88 кандидати полагале прв пат, (94,6 %) и
- 5 кандидати полагале втор пат, (5,4 %)

Од вкупниот број на кандидати кои полагале (93):
- испитот го положиле 67 кандидати (72%); а
- не положиле 26 кандидати (28%)




Од кандидатите кои го полагале испитот за административно управување (93):
- 62 кандидати се вработени во институциите на централната власт, (66,6%);
- 28 кандидати се вработени во институциите на локалната власт, (30,1%);
- 2 кандидати се вработени во приватниот сектор, (2,2%); и
- 1 кандидат е невработен, (1,1%).



## 4.3. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ЖАЛБИ И ПРИГОВОРИ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ВТОР СТЕПЕН

Постапувањето по жалби и приговори на административните службеници во втор степен е една од основните надлежностите на Агенцијата за администрација.

Оваа надлежност, Агенцијата ја остварува преку Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен (во натамошниот текст: Комисијата). Комисијата ја формира директорот на Агенцијата, врз основа на начелата на стручност и компетентност и согласно со начелото за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и е составена од административни службеници вработени во Агенцијата.

Во текот на 2017 година, на **73** одржани седници, Комисијата разгледа и одлучи по **634** жалби/ приговори од вкупно поднесени **689** жалби/приговори од страна на административните службеници. Останатите **55** жалби/ приговори од страна на административните службеници се поднесени непосредно пред истекот на календарската година, односно за нив се побарани дополнителни податоци кои се неопходни при одлучувањето и поради тоа за нив не е одлучувано. Истите ќе бидат разгледани, односно по нив ќе биде одлучено во текот на 2018 година и ќе бидат прикажани во извештајот за тој период.

Од вкупно поднесени 689 жалби/ приговори од страна на административните службеници, **561** жалба/ приговор се од **државни службеници**, а **128** жалби/ приговори се од **јавни службеници**.

Од поднесени 561 жалба/ приговор од страна на **државните службеници**, одлучено е за **520**.

Структурата на решени жалби и приговори на **државните службеници** според **основот** е следна:

- **Распоредување на работно место** - 66 (12,7%) од кои: уважени 23, одбиени 34, отфрлени 6, ненадлежност 1, мериторно уважена 1 и мериторно одбиена 1;
- **Престанок на вработување** - 40 (7,7%) од кои: уважени 8, одбиени 25, отфрлени 3, ненадлежност 1 и мериторно уважени 3;
- **Избор по оглас** - 8 (1,5%) од кои: уважени 2, одбиена 1, отфрлена 1 и ненадлежност 4;
- **Плата и надоместоци на плата** - 104 (20%) од кои: уважени 61, одбиени 40, отфрлена 1, ненадлежност 1 и мериторно уважена 1;
- **Оценување на државен службеник** - 189 (36,4%) од кои: уважени 145, одбиени 22, отфрлени 12 и мериторно уважени 10;
- **Суспензија** - 9 (1,7%) од кои уважени 2 и одбиени 7;
- **Годишен одмор** – 3 (0,6%) од кои: одбиена 1, повлечена од подносител 1 и мериторно одбиена 1;

- **Стекнување статус на административен службеник** - 2 (0,4%) од кои уважени 1 и одбиена 1;
- **Права од Законот за работните односи или друг посебен закон** - 8 (1,5%) од кои: уважени 2, одбиени 3, отфрлена 1 и мериторно одбиена 2;
- **Дисциплински престап** - 21 (4%) од кои: уважени 8, одбиени 4, ненадлежност 1 и мериторно уважени 8;
- **Дисциплинска неуредност** - 59 (11,4%) од кои: уважени 23, одбиени 27, отфрлени 2, мериторно уважени 5 и мериторно одбиени 2; и
- **Материјална одговорност** - 11 (2,1%) и истите се уважени.



Структурата на решени жалби и приговори на **државните службеници** според **статусот на одлуката** е следна:

- Уважени 286 (55%)
- Одбиени 165 (31,7%)
- Отфрлени 26 (5%)
- Повлечени од подносител 1 (0,2%)
- Ненадлежност 8 (1,5%)
- Мериторно уважени 28 (5,4%)
- Мериторно одбиени 6 (1,2%)




Од погорeприкажаните статистички податоци карактеристични се жалбите/приговорите од државните службеници поднесени против оценувањето и решенијата за утврдување на плата и надоместоци на плата, кои кумулативно опфаќаат над 50% од вкупниот број на поднесени жалби/ приговори.

Постапувајќи по законските овластувања, Комисијата уважила над 50% од поднесените жалби/ приговори што упатува на погрешно водени постапки, односно неправилна примена на материјалните прописи при решавање за правата, односно одговорностите на државните службеници од страна на првостепените органи во голем обем.

Од поднесени 128 жалби/ приговори од страна на **јавните службеници**, одлучено е за **114**.

Структурата на решени жалби и приговори на **јавните службеници** според **основот** е следна:

- **Распоредување на работно место** - 68 (59,6%), од кои: уважени 15, одбиени 47, отфрлена 1 и ненадлежност 5:
- **Престанок на вработување** - 5 (4,4%) од кои: уважена 1, одбиена 1, отфрлена 1 и ненадлежност 2;
- **Избор по оглас** - 1 (0,9%) и истата е одбиена;
- **Плата и надоместоци на плата** - 4 (3,5%) од кои: одбиени 3 и мериторно одбиена 1;
- **Оценување на јавен службеник** - 3 (2,6%) од кои: уважени 2 и отфрлена 1;
- **Суспензија**-вкупно 3 (2,6%) и истите се одбиени;
- **Стекнување статус на административен службеник** - 1 (0,9%) и истата е одбиена;
- **Права од Законот за работните односи или друг посебен закон** - 2 (1,8%) од кои уважена 1 и одбиена 1;
- **Дисциплински престап** - 11 (9,7%) од кои: уважени 2, одбиени 6, ненадлежност 2 и мериторно уважена 1;
- **Дисциплинска неуредност** - 16 (14%) од кои: уважени 11, одбиена 1, ненадлежност 1, мериторно уважени 2 и мериторно одбиена 1.



Структурата на **решени** жалби и приговори на **јавните службеници** според **статусот на одлуката** е следна:

- Уважени 32 (28,1%)
- Одбиени 64 (56,2%)
- Отфрлени 3 (2,6%)
- Ненадлежни 10 (8,7%)
- Мериторно уважени 3 (2,6%)
- Мериторно одбиени 2 (1,8%)




Од прикажаните статистички податоци за поднесените жалби/ приговори од страна на јавните службеници најголемо внимание привлекува основот- распоредување, по кој се поднесени приближно 60% од вкупниот број на жалби/ приговори од страна јавните службеници. Овој обем на жалби/приговори се јавува поради усогласувањето на новите категории и нивоа на работни места со работните места на кои биле распоредени овие вработени пред донесувањето на Законот за административни службеници, а особено поради фактот што оваа категорија на службеници за прв пат се стекнува со статус на админиcтативен службеник.

Од аспект на **институциите во кои се вработени административните службеници** кои поднеле жалби/ приговори по различен основ, 500 жалби/ приговори се поднесени од страна на вработените во институциите на државната власт, 189 жалби/ приговори се поднесени од страна на вработените во институциите на локалната власт и тоа:

- по основ на **дисциплински престап** вработените во институциите на државна власт имаат поднесено вкупно 26 жалби/ приговори, од кои: 8 се уважени, 8 се одбиени, за 1 Комисијата констатирала ненадлежност и 9 се мериторно уважени; а вработените во институциите на локалната власт имаат поднесено вкупно 5 жалби/ приговори, од кои 2 се уважени, за 2 Комисијата констатирала ненадлежност и 1 е мериторно уважена;

- по основ на **дисциплинска неуредност** вработените во институциите на државна власт имаат поднесено вкупно 63 жалби/ приговори, од кои: 32 се уважени, 16 се одбиени, 2 се отфрлени, за 1 Комисијата констатирала ненадлежност, 6 се мериторно

уважени, 1 е мериторно одбиена и за 5 постапката продолжува во 2018 година; а вработените во институциите на локалната власт имаат поднесено вкупно 17 жалби/ приговори, од кои 3 се уважени, 12 се одбиени и 2 се мериторно одбиени;

- по основ на **престанок на вработување** вработените во институциите на државна власт имаат поднесено вкупно 45 жалби/ приговори, од кои: 8 се уважени, 25 се одбиени, 2 се отфрлени, за 3 Комисијата констатирала ненадлежност, 3 се мериторно уважени и за 4 постапката продолжува во 2018 година; а вработените во институциите на локалната власт имаат поднесено вкупно 9 жалби/ приговори, од кои 1 е уважена, 1 е одбиена, 3 се отфрлени и за 4 постапката продолжува во 2018 година;

- по основ на **оценување на државен службеник** вработените во институциите на државна власт имаат поднесено вкупно 98 жалби/ приговори, од кои: 78 се уважени, 7 се одбиени, 7 се отфрлени, а за 4 постапката продолжува во 2018 година; а вработените во институциите на локалната власт имаат поднесено вкупно 105 жалби/ приговори, од кои 72 се уважени, 15 се одбиени, 6 се отфрлени, 10 се мериторно уважени и за 2 постапката продолжува во 2018 година;

- по основ на **плата и надоместоци на плата** вработените во институциите на државна власт имаат поднесено вкупно 102 жалби/ приговори, од кои: 57 се уважени, 38 се одбиени, за 1 Комисијата констатирала ненадлежност, 1 е мериторно уважена, 1 е мериторно одбиена и за 4 постапката продолжува во 2018 година; а вработените во институциите на локалната власт имаат поднесено вкупно 11 жалби/ приговори, од кои 3 се уважени, 6 се одбиени, 1 е отфрлена и за 1 постапката продолжува во 2018;

- по основ на **распоредување на административен службеник** вработените во институциите на државна власт имаат поднесено вкупно 132 жалби/ приговори, од кои: 30 се уважени, 67 се одбиени, 5 се отфрлени, за 5 Комисијата констатирала ненадлежност, 1 е мериторно уважена и за 25 постапката продолжува во 2018 година; а вработените во институциите на локалната власт имаат поднесено вкупно 26 жалби/ приговори, од кои 5 се уважени, 15 се одбиени, 1 е отфрлена, за 1 Комисијата констатирала ненадлежност, 1 е мериторно одбиена и за 3 постапката продолжува во 2018 година;

- по основ на **суспензија** вработените во институциите на државна власт имаат поднесено вкупно 11 жалби/ приговори, од кои: 2 се уважени, 8 се одбиени и за 1 постапката продолжува во 2018 година; а вработените во институциите на локалната власт имаат поднесено вкупно 3 жалби/ приговори, од кои 2 се одбиени, за 1 постапката продолжува во 2018 година;

- по основ на **избор по оглас** вработените во институциите на државна власт имаат поднесено вкупно 1 жалби/ приговори и истата е одбиена; а вработените во институциите на локалната власт имаат поднесено вкупно 9 жалби/ приговори, од кои 2 се уважени, 1 е одбиена, 1 е отфрлена, за 4 Комисијата констатирала ненадлежност и за 1 постапката продолжува во 2018 година;

- по основ на **годишен одмор** вработените во институциите на државна власт имаат поднесено вкупно 1 жалби/ приговори и истата е мериторно одбиена; а вработените во институциите на локалната власт имаат поднесено вкупно 2 жалби/ приговори и истите се одбиени;

- по основ на **права од ЗРО или друг посебен закон** вработените во институциите на државна власт имаат поднесено вкупно 8 жалби/ приговори, од кои: 3 се уважени, 2 се одбиени, 1 е отфрлена и 2 се мериторно одбиени; а вработените во институциите на локалната власт имаат поднесено вкупно 1 жалби/ приговори и истата е одбиена;

- по основ на **материјална одговорност** вработените во институциите на <u>државна власт</u> имаат поднесено вкупно 11 жалби/ приговори и истите се уважени;

- по основ на **стекнување со статус на административен службеник** вработените во институциите на <u>државна власт</u> имаат поднесено вкупно 2 жалби/ приговори, од кои: 1 е уважена и 1 е одбиена; а вработените во институциите на <u>локалната власт</u> имаат поднесено вкупно 1 жалби/ приговори и истата е одбиена.

Табела 4а. <u>Преглед по **основ** на жалби/ приговори на административните службеници од аспект на институциите во кои се вработени</u>

| Основ/ институции на државна власт (Д); институции на локална власт (Л) | број на поднесени жалби и приговори | | уважени | | одбиени | | отфрлени | | повлечени од подносител | | не надлежност | | мериторно уважени | | мериторно одбиени | | постапката продолжува во 2018 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Д | Л | Д | Л | Д | Л | Д | Л | Д | Л | Д | Л | Д | Л | Д | Л | Д | Л |
| Дисциплински престап | 26 | 5 | 8 | 2 | 8 | | | | | | 1 | 2 | 9 | 1 | | | | |
| Дисциплинска неуредност | 63 | 17 | 32 | 3 | 16 | 12 | 2 | | | | 1 | | 6 | | 1 | 2 | 5 | |
| Престанок на вработување | 45 | 9 | 8 | 1 | 25 | 1 | 2 | 3 | | | 3 | | 3 | | | | 4 | 4 |
| Оценување на државен службеник | 98 | 105 | 78 | 72 | 7 | 15 | 7 | 6 | | | | | | 10 | | | 4 | 2 |
| Плата и надоместоци на плата | 102 | 11 | 57 | 3 | 38 | 6 | | 1 | | | 1 | | 1 | | 1 | | 4 | 1 |
| Распоредување на државен службеник | 132 | 26 | 30 | 5 | 67 | 15 | 5 | 1 | | | 5 | 1 | 1 | | | 1 | 25 | 3 |
| Суспензија | 11 | 3 | 2 | | 8 | 2 | | | | | | | | | | | 1 | 1 |
| Избор по оглас | 1 | 9 | | 2 | 1 | 1 | | 1 | | | | 4 | | | | | | 1 |
| Годишен одмор | 1 | 2 | | | | 1 | | | 1 | | | | | | 1 | | | |
| Права од ЗРО или друг посебен закон | 8 | 1 | 3 | | 2 | 1 | 1 | | | | | | | | 2 | | | |
| Материјална одговорност | 11 | | 11 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Стекнување со статус на административен службеник | 2 | 1 | 1 | | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | |
| вкупно Д / Л | 500 | 189 | 230 | 88 | 173 | 56 | 17 | 12 | 1 | 0 | 11 | 7 | 20 | 11 | 5 | 3 | 43 | 12 |
| вкупно | 689 | | 318 | | 229 | | 29 | | 1 | | 18 | | 31 | | 8 | | 55 | |

Од прикажаните статистички податоци по **основ**, најголемиот број на поднесени жалби/приговори на административните службеници вработени во институциите на државната власт е за распоредување (132), додека најголемиот број на поднесени

жалби/приговори на административните службеници вработени во институциите на локалната власт е за оценување (105).

Порастот на жалбите/приговорите по однос на основот **распоредување** е поради начинот на кој институциите ги усогласуваат новите категории и нивоа на работни места со работните места на кои биле распоредени пред донесувањето на Законот за административни службеници, а особено оние вработени кои за прв пат се стекнале со статус на администативен службеник.

Порастот на жалбите/приговорите по однос на основот **оценување** е поради тоа што со законот за административни службеници постапката за оценување значително се измени во споредба со тоа како беше уредена со Поранешниот закон за државните службеници. Поради тоа, институциите имаа потешкотии во спроведувањето на постапката, така што најголемиот број жалби/приговори беа уважувани поради суштествени повреди на постапката за оценување.

Во однос на статусот на жалби/приговори на административните службеници од аспект на институции во кои се вработени, состојбата е следна:

- **Уважени** се вкупно 318, од кои: 230 се од институции на државна власт и 88 се од институции на локална власт;
- **Мериторно уважени** се вкупно 31, од кои: 20 се од институции на државна власт и 11 се од институции на локална власт;
- **Одбиени** се вкупно 229, од кои: 173 се од институции на државна власт и 56 се од институции на локална власт;
- **Мериторно одбиени** се вкупно 8, од кои: 5 се од институции на државна власт и 3 се од институции на локална власт;
- **Отфрлени** се вкупно 29, од кои: 17 се од институции на државна власт и 12 се од институции на локална власт;
- Агенцијата костатирала **ненадлежност** за вкупно 18, од кои: 11 се од институции на државна власт и 7 се од институции на локална власт;
- **Повлечени од подносител** е вкупно 1 и истата е од институции на државна власт;
- **Постапката продолжува во 2018 година** за вкупно 55, од кои: 43 се од институции на државна власт и 12 се од институции на локална власт;

Од прикажаните податоци може да се види дека Комисијата позитивно се произнела за повеќе од 50% од поднесените жалби/ приговори на административните службеници во приближна еднаквост кон вработените во институциите на државната власт и вработените во институциите на локалната власт, наспроти 38,6% негативни одлуки.

Забележителен е дизбалансот помеѓу поднесените жалби/ приговори од вработените во институциите од државната власт и вработените во институциите на локалната власт во корист на првоспоменатите што укажува на поголем степен на спремност на вработените во институциите на државната власт во барањето заштита на

правата од службеничкиот однос, односно поголем број на покренати постапки против административните службеници кои се вработени во институциите на државната власт.

Табела 4б. <u>Преглед на **статус** на жалби/ приговори на административните службеници од аспект на институциите во кои се вработени</u>

| Локална власт / Државна власт | Вработени во институциите на државната власт | % | Вработени во институциите на локалната власт | % | Вкупно | % | позитивни негативни | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на поднесени жалби/ приговори | 500 | 72,6 | 189 | 27,4 | 689 | 100,0 | | |
| Уважени | 230 | 46,0 | 88 | 46,6 | 318 | 46,2 | 349 | 50,7 |
| Мериторно уважени | 20 | 4,0 | 11 | 5,8 | 31 | 4,5 | | |
| Одбиени | 173 | 34,6 | 56 | 29,6 | 229 | 33,2 | 266 | 38,6 |
| Мериторно одбиени | 5 | 1,0 | 3 | 1,6 | 8 | 1,2 | | |
| Отфрлени | 17 | 3,4 | 12 | 6,3 | 29 | 4,2 | | |
| Ненадлежност | 11 | 2,2 | 7 | 3,7 | 18 | 2,6 | 19 | 2,8 |
| Повлечени од подносител | 1 | 0,2 | 0 | 0,0 | 1 | 0,1 | | |
| Постапката продолжува во 2018 | 43 | 8,6 | 12 | 6,3 | 55 | 8,0 | 55 | |

Во текот на 2017 година, Комисијата по сите предмети одлучуваше во законскиот рок од 8 работни дена, по приемот на потребните писмени докази. Комисијата при одлучувањето се соочи со потешкотии, бидејќи првостепените органи во поголемиот број на случаи благовремено не ги доставуваа бараните дополнителни податоци кои беа потребни за правилно одлучување по жалбите/приговорите на административните службенци или доставуваа некомплетирани податоци/писмени докази. Поради тоа, беа доставувани ургенции од страна на Комисијата, што влијаеше на одолговлекување на постапката за одлучување по жалбите/приговорите. Ова, се разбира имаше неповолно влијание врз остварувањето на правната заштита на административните службеници. Неретко, кај одреден број на жалби/приговори првостепените органи воопшто не ги доставуваа потребните дополнителни податоци-докази, кои беа неопходни за правилно одлучување, па поради тоа одлуките на Комисијата беа засновани само врз расположливите писмени докази.

Комисијата се соочуваше и со потешкотии при своето работење поради неусогласеноста, односно колизијата на посебните закони и нивните подзаконски акти и колективни договори со Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и подзаконските акти кои произлегуваат од овие закони, особено во делот за правата и обврските на административните службеници.

Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници и во наредниот период ќе продолжи да работи и одлучува, почитувајќи ги

начелата на професионалната етика, непристрасност и објективност, со цел остварување на правната заштита на административните службеници, а со тоа и зајакнување на правната сигурност.

## 4.4. ЕВИДЕНЦИЈА НА КАНДИДАТИ КОИ ДОСТАВИЛЕ ЛАЖНИ ДОКАЗИ ВО ПРИЈАВАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Во Агенцијата Секторот за селекција на кадидати за вработување е надлежен да води евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување.

Во текот на 2017 година не се евидентирани податоци за кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување.

## 4.5. ДРУГИ РАБОТИ УТВРДЕНИ СО ЗАКОН

### 4.5.4. Спроведување постапки за селекција и за вработени во јавниот сектор кои немаат статус на административни службеници

Во однос на надлежноста Агенцијата да може да организира, координира и спроведува постапки за селекција и за вработени во јавниот сектор кои немаат статус на административни службеници, во текот на 2017 година до Агенцијата не се доставени барања за спроведување на ваков вид на постапки.

### 4.5.5. Постапки за унапредување и утврдување на дисциплинска одговорност

Агенцијата во 2017 година учествуваше во осум постапки за унапредување во институции во кои во организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси има само еден вработен.

Во текот на 2017 година вработени од Агенцијата учествуваа во шест дисциплински комисии формирани од страна на Инспекцискиот совет и во една дисциплинска комисија за утврдување на дисциплинска одговорност формирана од институција каде нема седум вработени.

### 4.5.6. Комисија за ревизија на постапката за селекција на административните службеници

Со Законот за административни службеници е утврдена обврска за формирање на Комисија за ревизија на постапката за селекција на административните службеници. Оваа комисија ја формира директорот на Агенцијата и е составена од претседател и негов заменик номинирани од министерот за информатичко општество и администрација, еден член и негов заменик од редот на вработените во Агенцијата и еден член и негов заменик од стручната и научната јавност.

Согласно членот 19-а став (2) од Законот за административни службеници Комисијата за ревизија во рок од 15 дена од истекот на кварталот врши ревизија на

најмалку 20 постапки за селекција по случаен избор кои биле спроведени во тој квартал, а доколку утврди недостатоци должна е веднаш да достави извештај за недостатоците до директорот на Агенцијата, до Државниот управен инспекторат и до институцијата која вработува.

Со оглед на фактот што до конечно завршување на парламентарните избори 2016, односно до донесувањето на Одлука за формирањето на Влада од 31.05.2017 година („Службен весник на Република Македонија" број 65/17), активните постапки за селекција беа ставени во мирување, а нови огласи за вработување не се објавуваа, Комисијата за ревизија започна со работа, односно одржа 3 седници во текот на месец Август 2017 година, но за истите не се изработени записници, извештај за работа, ниту пак е донесен деловник за работа на истата, од причини што претседателот на комисијата за ревизија најпрво ги одложуваше овие обврски, а потоа му престана работниот однос во Министерството за информатичко општество и администрација, формално не постои запис за работењето на комисијата за ревизија, односно во 2017 не е извршена ревизија на постапките согласно обврските предвидени со Законот за административни службеници.

На 08.11.2017 година, а на претходна номинација од Министерството за информатичко општество и администрација, е именуван нов претседател на комисијата за ревизија, но истата немаше активности во 2017 година.

# 5. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО

## 5.1. Стратешки план на Агенцијата за администрација (2018-2020)

Во јануари 2018 година е донесен Стратешкиот план на Агенцијата за администрација (2018-2020), со кој се утврдени стратешките цели и приоритети, програмите, активностите и потребните ресурси за нивна реализација, како и постигнатите и очекуваните резултати. Овој стратешки документ е јавно достапен на веб страницата на Агенцијата www.aa.mk.

При подготовката на Стратешкиот план, Агенцијата ги имаше во предвид стратешките документи на Република Македонија, како што се: Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2018 година, Претпристапното партнерство, како и Националната програма за усвојување на законодавството на Европската унија (НПАА)-ревизија за 2017 година.

Со Стратешкиот план се утврдени следните стратешки цели, кои треба да бидат реализирани во периодот 2018-2020 година:

- Промовирање и развој на систем за селекција на кандидати за вработување на административен службеник, заснован врз компетенции;
- Развој на стручни и професионални раководни административни службеници;
- Обезбедување на заштита на правата на административните службеници во втор степен;
- Унапредување на функционирањето и реализацијата на надлежностите на Агенцијата, преку обезбедување на административна, логистичка и ИТ и техничка поддршка;
- Зајакнување на капацитетите со човечки ресурси, преку нови вработувања, распоредувања и унапредувања, врз основа на начелото на стручност и компетентност и со примена на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, како и преку стручно усовршување на вработените во Агенцијата;
- Јакнење на финансиското и материјалното работење, како и подобрување на процесот на стратешко планирање во Агенцијата, интегрирано со унапредување на активностите за воспоставување, спроведување, одржување и развој на финансиското управување и контрола и
- Подобрување на работењето на Агенцијата преку зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола и усогласеност на работењето со законските, подзаконските и интерните акти и договори.

## 5.2. Систем за управување со квалитет, согласно барањата на Стандардот ISO 9001:2008

Воведувањето на Стандардот ISO 9001:2008 во Агенцијата овозможи значително подобрување на квалитетот на функционирање од аспект на точно дефинирање на одговорностите на определено работно место, прецизирање на роковите за завршување на работната задача, мерење на ефективноста и ефикасноста, идентификување на ризиците на процесите, како и активностите кои треба да се преземат за надминување на тие ризици.

Агенцијата на 22.05.2017 година се стекна со Сертификат, со кој се потврдува примената и понатамошниот развој на ефикасен Систем за управување со квалитет во

согласност со барањата на Стандардот ISO 9001:2008. Важноста на Сертификатот е до 14.09.2018 година.

Во текот на септември 2017 година е назначен нов координатор за менаџмент со квалитет и направена е промена на членовите на Тимот за квалитет.

Во Агенцијата заклучно со 31 декември 2017 година активно се спроведуваат сите активности и мерки согласно барањата на Стандардот ИСО 9001:2008. Во наредниот период, Агенцијата ќе преземе мерки и активности за имплементација и сертификација на меѓународниот стандард ISO 9001:2015.

### 5.3. Заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба - Common Assessment Framework

Заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба – Common Assessment Framework е европски инструмент за управување со квалитет во јавниот сектор, каде преку методот на самооценка, со вклучување на вработените се подготвува план за подобрување на квалитетот на своето работење. Преку спроведувањето на Заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба се овозможува градење на ефикасна, модерна и транспарентна административна служба, која ќе обезбеди висок квалитет во работењето, задоволување на барањата на корисниците и заинтересираните страни и на тој начин постигнување на степен на извонредност, што е и главна цел на овој инструмент.

Токму од овие причини, Агенцијата го започна процесот на воведување и спроведување на Заедничката рамка за процена во февруари 2015 година и по шест месечен период го донесе Акцискиот план за подобрување на состојбата. Овој план се спроведуваше две години, од почетокот на септември 2015 година, па се до август 2017 година. За периодот од две години овој инструмент успешно се спроведе и беа постигнати позитивни резултати во подобрување на квалитетот на работењето. Показател за успешното спроведување на CAF моделот е фактот што Агенцијата беше една од трите државни институции кои беа поканети на Годишната конференција „Управување со квалитетот во јавниот сектор“, (која се одржа на 18 декември 2017 година) со цел споделување на позитивни искуства.

### 5.4. Јакнење на ИКТ капацитетите на Агенцијата

Агенцијата во текот на 2017 година спроведе јавна набавка на ИКТ опрема во рамките на која се набавија 2 сервери. Исто така во текот на 2017 година беа распределени/заменети 19 нови персонални компјутери на вработените кои што користеа постари персонални компјутери и се подобри состојбата со техничката опрема со која располага Агенцијата.

Исто така, беа направени надградби на апликацијата за спроведување на селекција на кандидати за вработување на административни службеници, апликацијата за спроведување на испит за административно управување и апликацијата за спроведување на постапки за селекција на вработени кои немаат статус на административни службеници. Во рамки на тие надградби направена е подготовка за измените на законот за административни службеници и подобрени се дел од функционалностите во апликациите и изработени се дополнителни извештаи поврзани

со постапките за селекција на кандидати за вработување. Направена е миграција на нови сервери и на понова верзија на Домејн и Бекап домејн контролер и е-маил сервер.

### 5.5. Мерење на задоволството на корисниците на услугите

На почетокот на 2018 година, согласно Процедурата за мерење на задоволството на корисниците на услугите Агенцијата спроведе анализа за своето работење во 2017 година, преку мерење на задоволството на корисниците од услугите кои ги обезбедува преку спроведување на своите надлежности, со цел согледување на позитивните и негативните страни на своето работење.

Во рамки на мерењето на задоволстовото се бараше од корисниците на услугите да дадат оценка за севкупното работење на Агенцијата во 2017 година.

Во анализата беа вклучени институциите на државната и локалната власт, кандидатите за вработување, како и кандидатите за полагање на испитот на административно управување.

Анализата покажа дека најголеми корисници на услугите во 2017 година биле институциите на државната и локалната власт.

Од направената анализа, според пол се забележува дека поголем број анкетни листови се пополнети од страна на женски пол, додека според етничката припадност поголем број од испитаниците се изјасниле дека припаѓаат на македонската етничка заедница.

Мерењето на задоволстовото покажува целосна запознаеност на корисниците со надлежностите на Агенцијата. Најмногу користени услуги се оние за објавување на огласи за вработување на административни службеници.

Поголемиот број на корисници ги оцениле како одлични и целосно задовололни: квалитетот на услугите добиени од Агенцијата; работата на Агенцијата; веб страната; достапноста на информациите на веб страната; условите во салата за испити; емитувањето на резултатите од полагањето на испитот на веб страната на Агенцијата и начинот на комуникација со вработените во Агенцијата, додека како задоволителни се оценети апликацијата за вработување, креирањето на корисничкиот профил и работата на Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

Како најефикаснен начин за информирање за актуелните новитети, корисниците го истакнаа информирањето преку е-маил, додека снимањето и емитувањето во живо за време на полагањето на испитот го оценија со ист процент и како одлично и како задоволително.

Од мерењето на задоволството од работата на вработените во Агенцијата е добиена највиска оценка 5.

Преку анализата корисниците на услуги дадоа конкретни предлози, кои ќе послужат како основа за преземање на активности за подобрување на квалитетот услугите на Агенцијата.

Позитивната оценка за работата на Агенцијата покажува дека корисниците уживаат доверба во институцијата, а постигнатите резултати се должат на најновите трендови на техничка и ИТ опременост, стручност, доверливост, компетентност, достапност, ефикасност, ефективност, како и нагласената транспарентност во работењето.

Од анализата може да се заклучи дека за 2017 година корисниците на услугите се целосно задоволни од услугите на Агенцијата.

## 5.6. Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса на Агенцијата

Агенцијата има своја електронска контакт адреса kontakt@aa.mk преку која може да се обратат заинтересираните лица за било кое прашање од надлежност на Агенцијата. Во текот на 2017 година преку електронската контакт адреса на Агенцијата доставена е електронска пошта со вкупен број од 395 барања. Како баратели на информации се јавиле физички лица, деловни субјекти, домашни и странски институции и други. Комуникацијата со корисниците се однесувала на најчесто по нивни барања /поставени прашања за меѓуинституционална соработка, техничка поддршка на кандидатите при користење на интернет страницата на Агенцијата, за упатување во начинот на спроведување на постапките за вработување, потоа барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, соработка со медиуми, понуди за обуки и стручно усовршување од страна на деловни субјеки итн. На овој начин Агенцијата придонесува кон зголемување на транспарентноста и отвореноста до сите заинтересирани страни за одговарање на прашања од нејзина надлежност.

## 6. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Агенцијата како самостоен државен орган има незначително учество во процесот на креирањето на политики при усогласување на законската рамка со законите на Европската унија во процесот на пред-пристапни приговори. Нејзиниот придонес во процесот на реформата на јавната администрација е преку спроведувањето на законите и подзаконските акти за административни службеници да овозможи развој и одржливост на професионална и сервисно-ориентирана администрација.

Агенцијата во текот на 2017 година оствари соработка со повеќе институции од јавниот сектор, особено во делот на спроведување на реформата на јавната администрација, како и размена на искуства и соработка со повеќе меѓународни институции и организации.

Со оглед дека со Законот за административни службеници се утврдени законските надлежности на Агенцијата, до Министерството за информатичко општество и администрација беа достави забелешки и предлози по однос на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, се со цел подигање на нивото на ефективност и ефикасност при примената на овој закон.

На 26 декември 2017 година во Република Македонија е формиран Совет за реформа на јавната администрација. Овој совет е формиран заради следење на постигнување на целите поставени во Стратегијата за реформа на јавна администратиција 2018- 2022, како и за координација на целокупниот процес на реформата на јавната администрација. Од особено значење за Агенцијата е дека во Советот членува директорот на Агенцијата.

Во текот на 2017 година административни службеници од Агенцијата учествуваа во четири работни групи за подготовка на Новата стратегија за реформа во јавната администрација 2018- 2022, формирани од Министерството за информатичко општество и администрација.

Исто така, двајца административни службеници беа поканети и имаа свои излагања за работењето на Агенцијата на седмиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој се одржа на 20 септември 2017 година во Скопје.

Административен службеник од Агенцијата, во текот на 2017 година зема активно учество како координатор на Подгрупата за државна служба и управување со човечки ресурси, како и при проценка на прогресот во имплементација на начелата во јавната администрација во организација на СИГМА/ОЕЦД оценска мисија за проценка на прогресот во имплементација на Начелата во јавната администрација.

Во рамките на ИПА Проектот „Поддршка на реформата на јавната администрација и зајакнување на капацитетите на МИОА“, претставници од Агенцијата учествуваа во меѓуинституционалната работна група за изготвување на препораки за унапредување на координацијата на процесот на реформа на јавната администрација; во Работната група за потсекторот “Реформа на јавна администрација“, за програмирањето на ИПА II 2014- 2020, како и на тема „Помош за реформа на јавната администрација и зајакнување на капацитетите на МИОА“, во организација на ЕУ, IPA-Component 1.

Административни службеници од Агенцијата земаа учество во Управен одбор на договорот за услуги „PAR Assistence and strengthening the capacities od MISA“ , во однос на проектот „PAR Assistence and strengthening the capacities od MISA“( ИПА ТАИБ 2012, реф.бр: EuropeAid/137521/IH/SER/MK).

Во Агенцијата од 29.03.2017 до 31.03.2017 година се одржа работилница од страна на Експертската мисија на TAIEX, која ја водеше експерт од Националната агенција за државни службеници на Романија. На оваа работилница беа разменети искуства меѓу двете држави за спроведувањето на постапката за вработување на државни службеници, унапредување и мотивирање на истите.

Во Агенцијата на 17.11.2017 година се одржа средба со претставник од Вестминстер фондацијата за демократија, која е водечка организација за зајакнување на демократијата во Велика Британија. Нејзината мисија е да им помагаат на земјите во развој и земјите во транзиција да ја обединат парламентарната и политичката експертиза со цел зајакнување на демократијата. На средбата се разговараше на повеќе теми од областа на јавната администрација, при што беа разменети добри искуства и пракса.

Во текот на 2017 година административни службеници од Агенцијата учествуваа на повеќе конференции организирани од страна на Регионалната школа за јавна администрација, РеСПА, со седиште во Даниловград, Црна Гора, која претставува меѓународна организација на која и е доделена мисијата за развојот на регионалната соработка во полето на јавната администрација во Западен Балкан.

Агенцијата во текот на 2017 година, почитувајќи го законски утврдениот рок, одговори на 229 барања поврзани со надлежностите на Агенцијата во однос на системот на државна служба, доставени од страна на повеќе државни институции, општини, граѓани и други, и тоа: Канцеларија на Претседател на Влада (2); Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат (2); Народен правобранител на Република Македонија (7); Државен правобранител на Република Македонија (71); Апелациони судови (3); Управен суд (21); Виш управен суд (2); Основни судови (2); Основно јавно обвинителство (1); министерства (5); Инспекциски совет (7); Комисија за заштита од дискриминација (1); Државен архив (1); Центар за управување со кризи (1); Агенција за странски инвестиции (1); Агенција за храна и ветеринарство (1); Агенција за квалитет и акредитација на здравствените установи (1); Агенција за вработување на Република Македонија (1); Државен управен инспекторат (1); Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (1); Општини (1); Хелсиншки комитет (1); јавни институции (6); извршители (19); адвокати (42); граѓани (21) и останати 7.

Од доставените 229 обраќања: 96 барања се однесуваат на остварување на право од работен однос, 53 се доставување на пресуди и решенија од страна на тужители, основни судови, апелациони судови, управен суд и виш управен суд по предмети во кои како тужена странка се јавува и Агенцијата за администрација, во 25 случаи се доставени тужби во кои тужена странка е Агенцијата за администрација, во 8 случаи доставени се акти од институции за кои Агенцијата нема надлежност, во 7 случаи се барања за достава на одлуки на Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административни службеници, во 6 случаи се барања за добивање на информации во врска со предмети од работа на Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административни службеници, 1 случај се однесува на доставен преуранет приговор од незадоволен кандидат пред донесување на одлука за избор, 7 барања за номинација на член во дисциплинска комисија (од кои во 6 дисциплински постапки во Инспекциски совет и во 1 дисциплинска постапка во Агенција за квалитет и акредитација на здравствените установи) и 26 се останато. Покрај тоа, Агенцијата одговори и на 9 барања на информации од јавен карактер.

Воедно во текот на 2017 година до Агенцијата со претставки се обратиле 5 граѓани и на истите им е одговорено во законски предвидениот рок.

# 7. БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ

Агенција како самостоен државен орган е финансирана од Буџетот на Република Македонија.

Во 2017 година вкупно одобрениот буџет на Агенцијата изнесуваше 41.566.000,00 денари. Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија во 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 109/2017) се одрази врз буџетот на Агенцијата во рестриктивна смисла, поради што беше намален за 3.344.000,00 денари и истиот изнесуваше 38.222.000,00 денари. Во текот на годината беа извршени повеќе пренамени, со цел максимално искористување на средствата согласно потребите на Агенцијата.

Од вкупниот износ на одобрени средства најголем дел, односно 74.60 % беа наменети за плати и надоместоци, 17,16 % за стоки и услуги, 0,55 % за субвенции и трансфери и 7,69 % за капитални расходи.

Одобрените средства на Агенцијата од буџетот за 2017 година беа распределени на следната програма:

Програма 2

Потпрограма 20-Администрација

Структурата на буџетот по категории за 2017 година е претставена во следната табела:

| Категорија | Опис | Расходи на основен буџет | Проценти |
|---|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 28.512.000 | 74,60 % |
| 42 | Стоки и услуги | 6.560.000 | 17,16 % |
| 46 | Субвенции и трансфери | 210.000 | 0,55 % |
| 48 | Капитални расходи | 2.940.000 | 7,69% |
| **Вкупно** | | **38.222.000** | **100,00%** |



Во февруари 2017 година на барање на Агенцијата извршено е проширување на буџетот на Агенцијата за буџет од самофинансирачки активности согласно надлежноста од Законот за административни службеници, според која може да организира, координира и спроведува постапки за селекција за вработени во јавниот сектор кои немаат статус на административни службеници, за што на институциите може да им наплати надоместок утврден по тарифник. Во 2017 година бидејќи не се доставени барања за спроведување на овој вид постапки, не се реализирани приходи по овој основ.

Во 2017 година за функционирањето на Агенцијата во согласност со надлежностите, задачите и одговорностите потрошени се финансиски средства во износ од 37.742.982,00 денари, што претставува 98,75% од вкупниот буџет. Користењето на буџетските средства во 2017 година беше во насока на поддршка и реализација на утврдените програми, цели и активности содржани во Програмата за работа на Агенцијата за администрација во 2017 година и во Стратешкиот план на Агенцијата за администрација (2017-2019) со почитување на принципите на рационално, ефикасно и наменско трошење. Во континуитет се следеше реализација на истиот со цел навремено донесување одлуки за потребните прераспределби за да се подмират обврските кон комитентите.

Преглед на реализација на финансиски средства во Агенцијата во однос на одобрените средства од Буџетот на Република Македонија:

| **Преглед на реализирани финансиски средства во Агенцијата за 2017 година** | |
|---|---|
| | |
| О П И С<br>Процент | Финансиски средства |
| | |
| 1.Вкупно одобрени средства од Буџетот на РМ<br>100,00% | 38.222.000 |
| 2.Потрошени средства-расходи<br>98,75% | 37.742.982 |
| 3.Остаток<br>1,25% | 479.018 |

Преглед на реализираните буџетски средства за 2017 година:

| Пот ставка | Опис | Буџет 2017 | Реализација 2017 | Остаток |
|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 20.146.000,00 | 19.948.029,00 | 197.971,00 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 7.508.000,00 | 7.383.605,00 | 124.395,00 |
| 40 | Плати и надоместоци | 27.654.000,00 | 27.331.634,00 | 322.366,00 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 60.000,00 | 31.766 ,00 | 28.234,00 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.424.308,00 | 2.384.875,00 | 39.433,00 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 300.000,00 | 289.598,00 | 10.402,00 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 2.374.594,00 | 2.371.623,00 | 2.971,00 |
| 425 | Договорни услуги | 1.666.159,00 | 1.611.268,00 | 54.891,00 |
| 426 | Други тековни расходи | 400.000,00 | 396.016,00 | 3.984,00 |
| 42 | Стоки и услуги | 7.225.061,00 | 7.085.146,00 | 139.915,00 |
| 464 | Разни трансфери | 72.870,00 | 72.694,00 | 176,00 |
| 465 | Исплата по извршни исправи | 518.069,00 | 515.959,00 | 2.110,00 |
| 46 | Вкупно трансфери | 590.939,00 | 588.653,00 | 2.286,00 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 400.000,00 | 398.149,00 | 1.851,00 |
| 483 | Купување на мебел | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 2.352.000,00 | 2.339.400,00 | 12.600,00 |
| 48 | Капитални расходи | 2.752.000,00 | 2.737.549,00 | 14.451,00 |
| | ВКУПНО | 38.222.000,00 | 37.742.982,00 | 479.018,00 |

**Графички приказ на реализација на буџетот за 2017 година:**




Општа карактеристика на структурата на потрошените буџетски средства е што најголем процент од 72,41% се однесува на исплатени плати и обврските од плати за вработените, 18,78% за стоки и услуги, 1,56% за разни трансфери и 7,25% за капитални расходи.

**Графички приказ на структурата на реализираниот буџет за 2017 година:**




Подетална анализа покажува дека, освен делот кој се однесува на платите и обврските од плата на вработените, од останатите расходи најголемиот дел припаѓа на расходното конто 421- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од

2.384.875,00 денари што е 33,66 % од категоријата стоки и услуги и 424- поправки и тековно одржување во износ 2.371.623,00 денари, што претставува 33,47 % од потрошениот износ за стоки и услуги. На расходното конто 425 – договорни услуги потрошено е вкупно 1.611.268,00 денари или процентуално 22,74% од вкупните стоки и услуги, а финансиските средства во најголемиот дел беа наменети за сертификација согласно барањата на Стандардот за управување со квалитет ИСО 9001:2008, за обезбедување на Iaas услуги, cloud storage и изнајмување на интернет линкови согласно надлежностите на Агенцијата утврдени во Законот за административни службеници, за набавка на сметководствени услуги, задолжителни здравствени прегледи на вработените, одржување на хигиената на канцелариските и други помошни простории и др.

Во делот на капиталните расходи 2.339.400,00 денари се потрошени за набавка на нематеријални средства – надградба на софтверската апликација за спроведување на постапки за селекција на кандидати за административен службеник, административно управување и модуларна апликација и надградба на е-архива.

Во 2017 година реализирана е и набавка на ИКТ опрема – сервери во износ од 367.500,00 денари.

## Компаративен приказ на реализацијата на буџетот во претходните три години- 2015, 2016 и 2017 година.

| Категорија | Реализиран буџет 2015 година | | Реализиран буџет 2016 година | | Реализиран буџет 2017 година | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 40-Плати и надоместоци | 27.021.514,00 | 67,31% | 28.526.185,00 | 71,17 % | 27.331.634,00 | 72,41 % |
| 42-Стоки и услуги | 6.898.023,00 | 17,18% | 6.710.099,00 | 16,74 % | 7.085.146,00 | 18,78% |
| 46-Трансфери | 91.179,00 | 0,23 % | 43.952,00 | 0,11 % | 588.653,00 | 1,56 % |
| 48-Капитални расходи | 6.135.817,00 | 15,28% | 4.801.035,00 | 11,98 % | 2.737.549,00 | 7,25 % |
| Вкупно | 40.146.533,00 | 100 % | 40.081.271,00 | 100 % | 37.742.982,00 | 100 % |



Компаративната анализа на буџетот за 2017 година во однос на буџетот од 2016 и 2015 година покажува зголемување на расходите за плати и надоместоци од 1,24%, односно 5,1%, зголемување на расходите за стоки и услуги за 2,04% односно 1,6%, зголемување на трансферите за 1,45% односно 1,33% и намалување на капиталните расходи за 4,73%, односно 8,03%. Поголема застапеност на капиталните расходи во 2015 година во однос на 2016 и 2017 година произлегува од поголеми вложувања во опрема и нематеријални средства – компјутерски софтвери, со цел усогласување со одредбите од Законот за административни службеници.

# 8. ЗАКЛУЧОЦИ

- Агенцијата и во текот на 2017 година активно продолжи со остварување на својата цел да испорача професионални услуги на граѓаните, административните службеници, органите на државната служба и институциите на јавниот сектор, како и на сите други заинтересирани страни, на начин што доследно ги извршуваше своите законски надлежности, особено во делот на објавувањето на огласи и спроведување на постапките за селекција на кандидати за вработување на административни службеници, обезбедување на заштита на правата на административните службеници во втор степен, како и спроведување на испитот за административно управување.
- Во постапките за селекција на кандидати за вработување на административни службеници при спроведување на фазата на административната селекција Комисиите за селекција се соочија со потешкотии при примена на Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната фраскатиева класификација („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2010) во насока на утврдување на видот на образование. Во оваа фаза имаше потешкотии и при утврдување на валидноста на доказот за општа здравствена способност за работното место, како и утврдување на видот на работното искуство на кандидатите и формата на докажување на работното искуство во струката.
- Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службенци во втор степен се соочи со потешкотии во одлучувањето поради неусогласеност, односно колизијата на посебните закони и нивните подзаконски акти и колективни договори со Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и подзаконските акти кои произлегуваат од овие закони, особено во делот за правата и обврските на административните службеници.
- Во одреден број на случаи првостепените органи воопшто не ги доставуваа потребните дополнителни податоци, неопходни за правилно одлучување по жалбите/приговорите на административните службеници, или ги доставуваа по истекот на законски утврдениот рок од осум работни дена, а неретко доставуваа и некомплетирани податоци/писмени докази, што влијаеше врз одолговлекување на постапката за одлучување по жалби и приговори на административните службеници, како и одлучување само врз основа на расположливите писмени докази.
- Соработката на Агенцијата со другите институции од јавниот сектор, како и меѓународната соработка е на солидно ниво, но треба да се работи на нејзино зајакнување и интензивирање.

# 9. ПРЕПОРАКИ

- Законот за административни службеници и Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административни службеници, да се доуредат во делот на спроведување на постапката за селекција на кандидати за вработување, особено во фазата на административната селекција.
- Министерството за образование и наука да ја усогласи Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната фраскатиева класификација во делот на видовите насоки на факултетите и постојните факултети.
- Првостепените органи кои имаат вработено административни служеници да го почитуваат законски утврдениот рок од 8 работни дена за постапување по барањата на податоци за предметите по жалбите/приговорите на административните службеници, кои им се доставени од страна на Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен и да доставуваат комплетирани податоци.
- Посебните закони и нивните подзаконски акти и колективни договори да се усогласат со Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, како материјални закони, се со цел остварување на правната заштита на административните службеници.
- Државното правобранителство на Република Македонија навремено да ги доставува сите правосилни пресуди каде Агенцијата се јавува како странка во постапката, особено во случаите по поднесени тужби против одлуки на Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, со цел нејзина целосна евиденција и градење на добра пракса.
- Зајакнување на соработката на Агенцијата со институциите од јавниот сектор, како и интензивирање на меѓународната соработка, особено со институции со кои Агенцијата има склучено меморандуми за соработка, како и преку други форми, на пример TAIEX, склучување проекти со меѓународни институции итн.

## 10. ПРИЛОЗИ

- Копија од завршна сметка за 2017 година.

ДИРЕКТОР
СПАСЕ ГЛИГОРОВ

| | | |
|---|---|---|
| Вид раб. (1 2 3) | Период | Контролор |
| | Идентификационен број (4–11): 05455570 | Резервни кодекси (12–26): 040031566063711 |

Назив на субјектот: Агенција за администрација

Адреса, седиште и телефон: ул. Јуриј Гагарин 15 Скопје 3094200

Единствен даночен број: 4030000403890

(корисници на средства од Буџетот)

# ПРИХОДИ И РАСХОДИ во текот на годината -
# - Биланс на приходите и расходите

од 1 јануари до 31.12. 2017 година

(во денари)

| Ред. број | Група на сметки, или сметка | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ - Претходна година | Износ - Тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **РАСХОДИ:** | | | |
| | | **I. ТЕКОВНИ РАСХОДИ** (002+007+012+020+024+029+033+039) | 001 | 35280236 | 35005433 |
| | | а) ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ (од 003 до 006) | 002 | 28526185 | 27331634 |
| 1. | 401 | Плати и додатоци | 003 | 20820598 | 19948029 |
| 2. | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 004 | 7705587 | 7383605 |
| 3. | 403 | Останати придонеси од плати | 005 | | |
| 4. | 404 | Надоместоци | 006 | | |
| | | б) РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ (од 008 до 011) | 007 | | |
| 5. | 411 | Финансирање на нови програми и потпрограми | 008 | | |
| 6. | 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 009 | | |
| 7. | 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 010 | | |
| 8. | 414 | Резерви за капитални расходи | 011 | | |
| | | в) СТОКИ И УСЛУГИ (од 013 до 019) | 012 | 6710099 | 7085146 |
| 9. | 420 | Патни и дневни расходи | 013 | 54787 | 31766 |
| 10. | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 014 | 2380958 | 2384875 |
| 11. | 423 | Материјали и ситен инвентар | 015 | 519827 | 289598 |
| 12. | 424 | Поправки и тековно одржување | 016 | 1883235 | 2371623 |
| 13. | 425 | Договорни услуги | 017 | 1530643 | 1611268 |
| 14. | 426 | Други тековни расходи | 018 | 340649 | 396016 |
| 15. | 427 | Привремени вработувања | 019 | | |

МБ Издава: „Македонија биро" - Скопје

| Ред. број | Група на сметки, или сметка | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОГ | Износ Претходна година | Износ Тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | г) ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ВОНБУЏЕТСКИ ФОНДОВИ (од 021 до 023) | 020 | | |
| 16. | 431 | Трансфери до Фондот за ПИОМ | 021 | | |
| 17. | 432 | Трансфери до Агенц. за вработување | 022 | | |
| 18. | 433 | Трансфери до Фондот за здравствено осигурување | 023 | | |
| | | д) ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ЕЛС (од 025 до 028) | 024 | | |
| 19. | 441 | Дотации од ДДВ | 025 | | |
| 20. | 442 | Наменски дотации | 026 | | |
| 21. | 443 | Блок дотации | 027 | | |
| 22. | 444 | Дотации за делегирани одделни надлежности | 028 | | |
| | | ѓ) КАМАТНИ ПЛАЌАЊА (од 030 до 032) | 029 | | |
| 23. | 451 | Каматни плаќања кон нерезидентни кредитори | 030 | | |
| 24. | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 031 | | |
| 25. | 453 | Каматни плаќања кон други нивоа на власт | 032 | | |
| | | е) СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ (од 034 до 038) | 033 | 43952 | 588653 |
| 26. | 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 034 | | |
| 27. | 462 | Субвенции за приватни претпријатија | 035 | | |
| 28. | 463 | Трансфери до невладини организации | 036 | | |
| 29. | 464 | Разни трансфери | 037 | 43952 | 72694 |
| 30. | 465 | Исплати по извршени исправи | 038 | | 515959 |
| | | ж) СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ (од 040 до 043) | 039 | | |
| 31. | 471 | Социјални надоместоци | 040 | | |
| 32. | 472 | Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ | 041 | | |
| 33. | 473 | Плаќање на надоместоци од Агенцијата за вработување | 042 | | |
| 34. | 474 | Плаќање на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | 043 | | |
| | | **II. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** (од 045 до 054) | 044 | 4801035 | 2737549 |
| 35. | 480 | Купување на опрема и машини | 045 | 2046385 | 398149 |
| 36. | 481 | Градежни објекти | 046 | | |
| 37. | 482 | Други градежни објекти | 047 | | |
| 38. | 483 | Купување на мебел | 048 | 236000 | |
| 39. | 484 | Стратешки стоки и други резерви | 049 | | |
| 40. | 485 | Вложување и нефинансиски средства | 050 | 2518650 | 2339400 |
| 41. | 486 | Купување на возила | 051 | | |
| 42. | 487 | Капитални трансфери до вонбуџетски фондови | 052 | | |
| 43. | 488 | Капитални дотации до ЕЛС | 053 | | |
| 44. | 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 054 | | |

| Ред. број | Група на сметки, или сметка | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **III. ОТПЛАТА НА ГОТОВИНА** (од 056 до 058) | 055 | | |
| 45. | 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитоти | 056 | | |
| 46. | 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 057 | | |
| 47. | 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | 058 | | |
| | | **А. ВКУПНО РАСХОДИ** (001 + 044 + 055) | 059 | 40081271 | 37742982 |
| | | **Б. ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ--ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** (103 минус 059) | 060 | | |
| 48. | 811, 812 и 813 | **В. ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ ОД ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ-ДОБИВКАТА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | 061 | | |
| | | **Г. НЕТО ВИШОК НА ПРИХОДИ--ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** (060 минус 061) | 062 | | |
| | | **Д. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА НЕТО ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ-ДОБИВКАТА** (од 064 до 066) | 063 | | |
| 49. | 830 | За покривање на загуба | 064 | | |
| 50. | 831 | За поврат во буџетот односно фондот | 065 | | |
| 51. | 833 | За пренос во наредната година | 066 | | |
| | | **Ѓ. ВКУПНО** (059+060)=105 ако 061 е поголемо од 060 тогаш (059 + 061) = 105 | 067 | 40081271 | 37742952 |
| | | **ПРИХОДИ:** **I. ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** (од 069 до 076) | 068 | | |
| 52. | 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 069 | | |
| 53. | 712 | Придонеси за социјално осигурување | 070 | | |
| 54. | 713 | Даноци од имот | 071 | | |
| 55. | 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | 072 | | |
| 56. | 715 | Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | 073 | | |
| 57. | 716 | Еднократни посебни такси | 074 | | |
| 58. | 717 | Даноци на специфични услуги | 075 | | |
| 59. | 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 076 | | |
| | | **II. НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** (од 078 до 082) | 077 | | 20687 |
| 60. | 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 078 | | |
| 61. | 722 | Глоби, судски и административни такси | 079 | | |
| 62. | 723 | Такси и надоместоци | 080 | | |
| 63. | 724 | Други владини услуги | 081 | | |
| 64. | 725 | Други неданочни приходи | 082 | | 20687 |

| Ред. број | Група на сметки, или сметка | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **III. КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** (од 084 до 087) | 083 | | |
| 65. | 731 | Продажба на капитални средства | 084 | | |
| 66. | 732 | Продажба на стоки | 085 | | |
| 67. | 733 | Продажба на земјиште и нематеријални сложувања | 086 | | |
| 68. | 734 | Приходи од дивиденди | 087 | | |
| | | **IV. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** (од 089 до 092) | 088 | 40081271 | 37722295 |
| 69. | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 089 | 40081271 | 37722295 |
| 70. | 742 | Донации од странство | 090 | | |
| 71. | 743 | Капитални донации | 091 | | |
| 72. | 744 | Тековни донации | 092 | | |
| | | **V. ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** (од 094 до 096) | 093 | | |
| 73. | 751 | Краткорочни позајмици од земјата | 094 | | |
| 74. | 753 | Долгорочни обврзници | 095 | | |
| 75. | 754 | Друго домашно задолжување | 096 | | |
| | | **VI. ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО** (од 098 до 100) | 097 | | |
| 76. | 761 | Меѓународни развојни агенции | 098 | | |
| 77. | 762 | Страјнски влади | 099 | | |
| 78. | 769 | Други задолжувања во странство | 100 | | |
| | | **VII. ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | | | |
| 79. | 771 | Продажба на хартии од вредност | 101 | | |
| | | **VIII. ПРИХОДИ ОД ОТПЛАТА НА ЗАЕМИ** | | | |
| 80. | 781 | Приходи од наплатени дадени заеми | 102 | | |
| | | **А. ВКУПНО ПРИХОДИ** (068+077+083+088+093+097+101+102) | 103 | 40081271 | 37742982 |
| 81. | 890 | **Б. НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ** (059 +061 минус 103) | 104 | | |
| | | **В. ВКУПНО:** (103 + 104 = 067) | 105 | 40081271 | 37742982 |
| | | **Г. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ:** | | | |
| 82. | | Просечен број на вработени врз основа на часовите на работа во пресметковниот период (цел број) | 106 | 66 | 67 |

Во Скопје

На ден 27.02.2018

Лице одговорно за составување на билансот,

М.П.

Раководител,

Образецот е пропишан со Правилникот за обликот и содржината на билансот на состојбата и билансот на приходите и расходите за буџетите и буџетските корисници („Сл. весник на РМ", бр. 175/11)